**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ НАУМ ОХРИДСКИ с. Булачани општина Гази Баба Скопје**

**за период од 2022 до 2024 година**







Датум 25.06.2024

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ,,Наум Охридски,, с. Булачани-Скопје |
| Адреса | ул.5 бр.1 с. Булачани-Скопје |
| Телефон, е-пошта | 022575946, nohridski@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 2022-2024 |
| Број на ученици во училиштето | 367 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Елизабета Андова |
| Потпис | |
| Датум | 25.06.2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Сања Петрушевска |
| Потпис | |
| Датум | 25.06.2024 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** | |
|---|---|
| 1.1 | **Планирања на наставниците** |
| 1.2 | **Наставен процес** |
| 1.3 | **Искуства на учениците од учењето** |
| 1.4 | **Оценувањето како дел од наставата** |
| 1.5 | **Вонаставни активности и натпревари** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Наум Охридски“** **Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 1.1 Планирања на наставниците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr>
<td>♠ Наставните планови и програми од МОН<br><br>♠ Национални стандарди за постигања на учениците на крајот од основното образование<br><br>♠ Годишна програма на училиштето<br><br>♠ Наставни планови и програни изработени од наставниците<br><br>♠ Тематски планирања на наставниците</td>
<td>Поддршка и следење на планирањата на наставниците</td>
<td>Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување.<br><br>Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br><br>
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| ♠ Записник од состаноци на стручни активи<br><br>♠ Извештаи од реализирани обуки<br><br>♠ Извештаи од стручни соработници<br><br>1.1-Наставници<br>1.2-Наставници<br>1.3-наставници<br>1.4-наставници | |  |

| | | |
|---|---|---|
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.   |

<table>
<tr><th colspan="3">Индикатор 1.2 Наставен процес</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Теми по индикатори</th><th>Информации кои се собрани</th></tr>
<tr><td>Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>распоред на часови;<br><br>е-дневник;<br><br>педагошка евиденција и документација;<br><br>списоци и<br><br>извештаи од реализирани обуки;</td><td>Реализација на наставни планови и програми</td><td>Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.<br><br><br></td></tr>
</table>

<table>
<tr>
<td>записници од<br>состаноци на стручни<br>активи;<br><br>извештаи од посети<br>на наставни<br><br>часови;<br><br>решенија за<br>инклузивен тим на<br>училиштето;<br>изработени ИОП и<br>модифицирани<br>програми за<br>учениците со посебни<br>образовни<br><br>потреби;<br><br>записници од<br>состаноци на<br>училишните тимови<br>за инклузија и<br>инклузивните тимови<br>за ученик;</td>
<td>Избор на наставни<br>предмети</td>
<td>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.<br><br>1.2 Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности<br>
<br><br>1.3 Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси<br>
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| извештаи и записници од<br><br>тимови за училишна интеграција (ТУИ), извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција;<br><br>материјали од постапката<br><br>за определување изборни/слободни изборни предмети и активности;<br><br>планирања за изборни предмети.<br><br>Концепција за основно образование (МОН/БРО, 2020)<br><br>Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)<br><br>Водич за слободните изборни предмети во основното | | <br><br>Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. |

| | | |
|---|---|---|
| образование (БРО, 2021)<br><br>Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)<br><br>Водич за слободни изборни предмети (БРО, 2021)<br><br>Упатството за организирање заеднички наставни часови (МЦГО, 2021)<br><br>1.1-Родители<br><br>1.2-родители<br><br>1.3-Родители<br><br>1.2-ученици<br><br>1.4-родители<br><br>1.1-ученици<br><br>1.3-ученици<br><br>1.5-наставници<br><br>1.6-наставници<br><br>1.7-наставници<br><br>1.8-наставници | Избор на задачи, активности и на ресурси | <br><br> |

<table>
<tr>
<td>1.9-наставници<br>1.5-родители<br>1.6-родители<br>1.4-ученици<br>1.5-ученици<br>1.15ученици<br>1.16-ученици<br>1.11-наставници<br>1.14-наставници<br>1.4-родители<br>1.13-наставници<br>1.7-родители<br>1.20-ученици</td>
<td></td>
<td>


</td>
</tr>
</table>


1.7 Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми
23.5%
76.5%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.3 На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)
31.7%
68.3%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација

| | | |
|---|---|---|
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот.<br><br>На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.<br><br>Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>










</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>










</td>
</tr>
</table>


1.15 Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците
25.7%
74.3%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.16 На часовите можам слободно да кажам што мислам
51.5%
48.5%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација

| | | |
|---|---|---|
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП.<br><br>Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.<br><br>Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/вонnаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар ,,Иднина,, за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП.<br><br>Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.<br><br>Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси.<br><br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка.Кај дел од родителите на овие деца се јавува одбивност на соработка со стручниот кадар на училиштето и не прифаќаат да ги носат децата во соодветните установи на проценка (МКФ) .Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот.<br><br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби |


1.11 Ги разбирам проблемите и потребите на учениците
14.7%
85.3%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.14 Успешно соработувам со образовните асистенти
38.2%
61.8%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.4 Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете
32.7%
67.3%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација

| | | |
|---|---|---|
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирани во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.<br><br>ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО.<br><br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br> |
| | | |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со учениците, родителите и наставниците;<br><br>разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници<br><br>разговор со стручна<br><br>служба;<br><br>увид во ученичките досиеја;<br><br>увид во евиденцијата на стручните соработници.<br><br>1.6-наставници<br><br>1.7-наставници<br><br>1.10-наставници<br><br>1.15-наставници<br><br>1.16-наставници<br><br>1.8-родители<br><br>1.9-родители | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење.<br><br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br><br>Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.<br><br>Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.<br><br><br> |

1.10-родители
1.11-родители
1.12-родители
1.13-родители
1.1-ученици
1.13-ученици
1.14-ученици
1.5-наставници
1.6-наставници
1.11-наставници
1.12-наставници
1.14-наставници
1.4-родители
1.13-родители
1.1-ученици
1.3-ученици



















1.11 Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати
14.9%
85.1%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.12 Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд
27.7%
72.3%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.13 Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи
28.7%
71.3%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.1 На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)
1.0%
21.8%
77.2%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.13 Наставниците ме пофалуваат за мојот труд
36.6%
63.4%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација


1.14 Наставниците ме пофалуваат за моите резултати
37.6%
62.4%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците</td>
<td>
Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.
Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.




</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | |     |

1.11 Ги разбирам проблемите и потребите на учениците
14.7%
85.3%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација

1.12 Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор
26.5%
73.5%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација

1.14 Успешно соработувам со образовните асистенти
38.2%
61.8%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација

1.4 Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете
32.7%
67.3%
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ немам информација










| | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| **Документи**<br><br>Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование (БРО, 2021)<br><br>Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (МОН, 2019<br><br>и 2020-дополнување)<br><br>Критериуми за оценување на постигањата на учениците (БРО)<br><br>**Извори на податоци**<br><br>Програма за работа на училиштето; распоред за додатна | Училишна политика за оценување | Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.<br><br>Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите.<br><br>Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.<br><br> <br><br>  |

<table>
<tr>
<td>
и дополнителна настава; списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови;

записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка

1.17-наставници

1.18-наставници
</td>
<td></td>
<td>











</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| 1.14-родители<br>1.16-родители<br>1.8-ученици<br>1.9-ученици<br>1.10-ученици<br>1.11-ученици<br>1.20-наставници<br>1.21-наставници<br>1.12-ученици | |     |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Методи, форми и инструменти за оценување</td>
<td>
Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.









</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по паралелки,на ниво на одделение и по сите предмети на крајот од секој квалификационен период.<br><br>На крајот на секоја учебна година исто така се прават споредбени анализи на средниот успех,поведението,изостаноците,како и споредба на успехот на учениците по пол.Со цел да се согледаат постигањата на учениците по наставни предмети,пол и по квалификациони периоди,разгледани се одредени документи и извештаи од работата на стручната служба,а исто така направен е преглед на Годишен извештај за работа на училиштето 2022/23 и 2023/24 год.Од анализата на успехот може да се заклучи дека е започнато подобрување на успехот на учениците постигнат по наставни предмети.Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9. |

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.     |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1.15 Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете<br>23.8%<br>76.2%<br>Целосно се согласувам<br>Се согласувам<br>Не се согласувам<br>Целосно не се согласувам<br>Не знам/ немам информација |

| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br><br>Концепција за воннаставни активности во основното образование (БРО, 2020)<br><br>Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети<br><br>на општинско, регионално и државно ниво во основното образование (МОН, 2019 и 2020-дополнување)<br><br>**Извори на податоци**<br><br>Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. |












| | | |
|---|---|---|
| екскурзии; педагошка евиденција и<br><br>документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност.<br><br>Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.<br><br><br><br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| интернет-страницата, во весниците,<br>**1.17-ученици**<br>**1.18-ученици**<br>**1.17-родители**<br>**1.18-родители**<br>**1.22-наставници**<br>**1.19-ученици**<br>**1.6-ученици** | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.<br><br><br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.  |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта и со тоа ги подобруваат своите планирања. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, неограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, обезбедувајќи целосна интеракција со учениците.За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти во интерес на ученикот.

ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирани во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.Со критериумите на оценување се запознаени и учениците и родителите. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.Воннаставните активности се исклучително позитивни во креирањето на ученикот и нивното самоискажување.Во воннаставните активности се вклучени учениците по сопствен избор. Нашите ученици редовно земаат учество на Општински, Регионални и Државни натпревари.

**Силни страни**

Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.

♣ Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта и со тоа ги подобруваат своите планирања.

♣ Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем.

♣ Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, неограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература ,обезбедувајќи целосна интеракција со учениците.За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.

♣ Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти во интерес на ученикот.

♣ ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.

♣ Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

♣ Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.Со критериумите на оценување се запознаени и учениците и родителите.

♣ Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

♣ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.

♣ Учество на нашите ученици на Регионални и Државни натпревари

♣ Соработка со родителите при одржување различни манифестации

♣ Медиумско афирмирање на училиштето со истакнување на придобивките од воннаставните активности

**Слаби страни**

♣ Кај дел од родителите на децата со посебни образовни потреби се јавува одбивност на соработка со стручниот кадар на училиштето и не прифаќаат да ги носат децата во соодветните установи на проценка (МКФ) .

**Приоритети**

Изготвување план и стратегија за зголемување на соработката со родителите на децата со посебни образовни потреби.

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; анализи на резултати од екстерни тестирања; анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор. | 2.1.1 Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди | Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>Од досегашните истражувања осознавме дека наставниците од нашето училиште (преку континуирано оценување - формативно и сумативно) водат целосна и уредна евиденција за напредокот на учениците во совладувањата на новите знаења. Притоа евиденцијата им е достапна на родителите. Секој наставник има ученичко портфолио за секој ученик во кое се чуваат сите изработки, творби, задачи, тестови кои ученикот ги изработил на тримесечија и полугодија. Преку ученичкото портфолио всушност се оценува и ученикот. Наставниците исто така изработуваат и чек листи, каде секојдневно го бележат напредувањето на учениците. Тие резултати од секојдневното следење се користат за формирање на крајната оценка на ученикот (која може да биде бројчана или описна). Напредокот на учениците се запишува во евидентните листови за секое тримесечие. Учениците на крајот од годината добиваат свидетелства. Во целокупната евиденција внесени се и податоците за напредок на учениците што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците, што истовремено е и доказ за одличната соработка меѓу наставниците, родителите и стручната служба.<br><br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки<br>За секое одделение се води е-дневник на паралелка во кој се наведени учениците со име и презиме, постигнувањата, т.е. оценките по одделните наставни предмети, поведението и отсуствата.<br>Во е-дневникот на паралелката се евидентираат и учениците кои учествувале на натпревари, освоените награди и признанија (евиденција за овие ученици се води и кај стручната служба во училиштето). Отсуството на учениците се следи и секојневно се евидентира. Според бројот на изостаноци направени во текот на учебната година се одредува поведението на учениците како |

| | | |
|---|---|---|
| | | примерно, добро и незадоволително. Доколку ученикот покаже поголеми слабости во учењето или рефлектира недолично однесување се упатува на разговор со училишниот педагог. Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. За учениците со посебни потреби, дефектологот води дневник за постигањата и ги забележува сите новонастанати промени во развојот. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците. Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на одделенскиот час. Стручната служба редовно изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на одделение, според податоците добиени од одделенските и класните раководители.<br>Од учебната 2022/23 година одделенските раководители водат единствено електронски дневник и сите податоци се внесуваат навремено освен кога постои објективна техничка пречка, послаб интернет и преоптовареност на мрежата. Родителите со пристап до е-дневникот се информирани за редовноста на своето дете, целите на наставата и постигнувањето. Притоа се подготвуваат редовни извештаи и анализи на крајот на секој квалификационен период. Постигнувањата на учениците се анализираат и на Наставничките совети по стручни активи по одделенија. Учениците од I, II и III одделение се оценуваат описно, IV, V и VI одделение во првото тримесечие, полугодие и третото тримесечие описно, а на крајот на учебната година бројчано. Учениците од VII, VIII и IX одделение се оценуваат со бројчани оценки. Во годишните и полугодишните извештаи се евидентира успехот и поведението по паралелки. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Истите се разгледуваат на состаноците на одделенската заедница и се разговара за можниот пад или раст на успехот по одделни предмети. За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат и активите по сродните предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Преку најразличните форми, методи и техники на формативно и сумативно оценување се следи напредокот на учениците во нашето училиште. Постигнувањата на учениците се следат и преку: тестови на знаења на учениците, контролни задачи, наставни листови, писмени работи, работни листови, неми карти, тетратки за литература и усни одговори- дадени од страна на учениците. Учениците кои имаат потешкотии во однос на постигнувањето на знаењата, задолжително посетуваат дополнителна настава. Додека оние ученици кои покажуваат значителни резултати посетуваат додатна настава. Нашите ученици се подготвуваат и постигнуваат големи успеси и на натпреварите, кои се реализираат на ниво на училиште, општина, град, држава. За размена на искуства и знаења се реализираат и отворени часови. Стручните активи соработуваат меѓу себе и со соседните училишта. Наставниците во своите наставнички портфолија прават рефлексија на процесот на оценување на учениците, притоа почитувајќи ги критериумите и стандардите на оценување. Учениците кои постигнуваат резултати и освојуваат награди на државни натпревари се наградуваат со дипломи .<br>Наставата се изведува на македонски наставен јазик.<br><br>Во однос на постигањата по наставни предмети од четврто до деветто одделение во учебната 2022/23 година забележани се следните резултати: |

| **Паралелка**<br>**Среден успех по предмети** | **Среден успех** |
|---|---|
| **македонски јазик** | **4,32** |
| **математика** | **3,99** |
| **англиски јазик** | **4,21** |
| **француски јазик** | **4,52** |
| **ликовно образование** | **4,86** |
| **музичко образование** | **4,79** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | техничко образование | 4,87 |
| | | информатика | 3,55 |
| | | општество | 4,43 |
| | | географија | 4,21 |
| | | историја | 3.46 |
| | | етика | 4.14 |
| | | граѓанско образование | 4.57 |
| | | природни науки | 4,44 |
| | | биологија | 4.03 |
| | | физика | 3.72 |
| | | хемија | 3.74 |
| | | иновации | 3.91 |
| | | физичко и здравствено образование | 4.98 |
| | | ПРОСЕК ЗАДОЛЖИТЕЛНИ | 4.26 |
| | | Изборни предмети | |
| | | етика на религиите | 4,34 |
| | | вештини за живеење | 5.00 |
| | | танци и народни ора | 4,98 |
| | | истражување на родниот крај | 5,00 |
| | | проекти од ликовна уметност | 4,91 |
| | | проекти од музичка уметност | 5,00 |
| | | Образование за животни вештини | 5.00 |
| | | Сликање, цртање, вајарство | 5.00 |
| | | Оригами | 5.00 |
| | | Ликовно | 5.00 |
| | | ПРОСЕК ИЗБОРНИ | 4,87 |
| | | ПРОСЕК - ВКУПНО | 4,41 |

- Општиот успех од IV до IX на крајот од учебната година е 4,41.
- 106 ученика ( од прво до трето одделение) се описно оценети. Неоценети ученици нема, слаби оцени нема.

Во однос на постигањата по наставни предмети од четврто до деветто одделение во учебната 2023/24 година забележани се следните резултати:

| Паралелка<br>Среден успех по предмети | Среден успех |
|---|---|
| **македонски јазик** | **4,31** |
| **математика** | **4,10** |
| **англиски јазик** | **4,27** |
| **француски јазик** | **4,26** |
| **ликовно образование** | **4,93** |
| **музичко образование** | **4,83** |
| **техничко образование и информатика** | **4,91** |
| **техничко образование и (техничко)** | **3,90** |
| **техничко образование и (информатика)** | **3,37** |
| **Информатика** | **3,84** |
| **Историја и општество** | **4,70** |
| **Историја и општество (историја)** | **3,08** |
| **Историја и општество (граѓанско)** | **3,30** |
| **Историја и општество (географија)** | **3,93** |
| **географија** | **4,27** |

| | |
|---|---|
| историја | 3,63 |
| етика | 4,22 |
| граѓанско образование | 4,33 |
| природни науки | 4,41 |
| биологија | 3,98 |
| физика | 3,97 |
| хемија | 3,92 |
| иновации | 3,76 |
| физичко и здравствено образование | 4,90 |
| ПРОСЕК ЗАДОЛЖИТЕЛНИ | 4,38 |
| Изборни предмети | |
| етика на религиите | 4,50 |
| вештини за живеење | 4,82 |
| танци и народни ора | 5,00 |
| проекти од ликовна уметност | 5,00 |
| проекти од музичка уметност | 4,94 |
| Образование за животни вештини | 4,97 |
| Оригами | 5,00 |
| Ликовно | 4,90 |
| ПРОСЕК ИЗБОРНИ | 4,96 |
| ПРОСЕК - ВКУПНО | 4,49 |

- Општиот успех од IV до IX на крајот на учебната година бил 4,49.
- 106 ученика ( од прво до трето одделение) се описно оценети. Неоценети ученици нема.

| | | |
|---|---|---|
| | | **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност**<br><br>Од спроведените анализи на полугодишните и годишните извештаи се гледа дека успехот по сите наставни предмети е значително подобрен во споредба со успехот од претходната година, а тоа се должи на редовно следење на постигањата на учениците, разговори, ученички трудови и разни наставни и воннаставни активности.<br><br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари и обуки со што се постигнуваат резултати (истражувања, активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата). Со тоа часовите се поинтересно организирани, комуникацијата е поголема и не се прави разлика според пол и националност.<br><br>Училиштето редовно и континуирано ги следи и анализира постигањата на учениците. На редовните одделенски совети се информира за постигањата и се заклучува дека наставниот кадар води сметка знаењето на учениците да го оцени реално и оценувањето се одвива непречено, со взаемна почит, без дискриминација, еднаков приод независно од полот, етничка припадност,националното потекло,уверување,возраст, попреченоста, јазикот, имотната состојба по било кој статус или состојба, по наставни предмети и по квалификациони периоди. |
| | 2.1.2 Резултати од екстерни тестирања | **Во нашето училиште нема спроведено екстерни тестирања** |
| | 2.1.3 Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со | Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при упис во прво одделение преку разговор со педагог, дефектолог и одредени интервјуа во присуство на родителите (Испитување на социјална зрелост, емоционална зрелост и интелектуална зрелост). |

| | | |
|---|---|---|
| | попречености | Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето и учениците со пречки во развојот ја вршат одделенските и предметните наставници, а е вклучена и стручната служба, пред сѐ училишниот дефектолог и педагогот. Исто така, учениците со ПОП се детектираат и при уписот на учениците во прво одделение од страна на стручната служба и истите се следат во текот на училишната година во соработка со наставниците.<br>Учениците со потешкотии во учењето, како и надарените ученици се идентификуваат и од страна на наставниците (по секој наставен предмет) и со нив работат на дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.<br><br>За учениците со потешкотии во учењето или со ПОП со валиден наод се изработува Индивидуален образовен план кој е наменет за совладување на образовниот материјал и постигнување на целите според нивните способности. Дефектологот им дава на наставниците насоки, сугестии и помош при пишување на целите за изработка на ИОП-от за учениците со ПОП, а во изработката на Индивидуалниот план се вклучени и родителите.<br><br>Наставниците им даваат поддршка на учениците со ПОП.<br>• Категоријата посебни потреби кај децата е поширока, треба да има рангирање и критериум кај случаите со потешки посебни потреби посебно кај тие што се агресивни со другите деца така што може да има негативно влијание како кај самото дете така и кај останатите деца.<br>• Инклузијата на деца со посебни потреби во воспитно образовниот процес освен секундарната социјализација не придонесува во доволна мера за развој на децата со посебни потреби. Потребен е посебен курикулум и посебни услови за постигнување на максимум резултати кај тие единки.<br><br>Во нашето училиште секоја учебна година бројот на ученици со потешкотии и посебни образовни потреби континуирано е во пораст. Меѓутоа, одредени ученици со потешкотии во учењето немаат наод и мислење од соодветни здравствени установи (ЈЗУ Завод за ментално |

| | | |
|---|---|---|
| | | здравје на деца и младинци „Младост“, Центарот за слух, говор и глас и МКФ - Меѓународна класификација на функционирањето). Воедно, некои родители одбиваат да ги прифатат насоките дадени од стручната служба и наставниците.<br><br>Во учебната 2022/2023 во ООУ,, Наум Охридски” во вкупно 20 паралелки учат 362 ученика, од кои 7 ученика односно 1,93 % се со ПОП поткрепен со наод и мислење. Реално,бројот на ученици со ПОП или со потешкотии е поголем поради тоа што 18 ученика односно 4,97 % наставата ја следеа со општа поддршка поради потешкотии во совладување на наставната содржина.<br>Во учебната 2023/2024 во ООУ,, Наум Охридски” во вкупно 20 паралелки учат 367 ученика, од кои 8 ученика односно 2,18 % се со ПОП поткрепен со наод и мислење. И во оваа учебна година, бројот на ученици со потешкотии е видно поголем бидејќи за 22 ученика односно за 6 % се применува општа поддршка во наставата поради различен вид на потешкотии.<br>Во учебната 2023/2024 на 8 ученика со ПОП ( од кои 1 е со модифицирана програма) со проценка од МКФ доделен е само 1 асистент кој пружа образовна асистенција на двајца ученици во исто одделение. Недостаток на образовни асистенти.<br><br>За ученици кои посебно се истакнуваат со знаењата се организира додатна настава, слободни ученички активности (секции), како и подготовка за учество на натпревари. Наставниците имаат програма и за додатна настава по која работат и ги постигнуваат целите.<br><br>Додатната настава се интензивира во период на подготовки за општинските, регионалните и државните натпревари.<br><br>Посетата на дополнителната настава и додатната настава влијае за подобрување и продлабочување на знаењата на учениците.<br><br><br>Анкета ученици: |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2.5 Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови од анкетирани 101 ученик одговориле:<br>Целосно се согласувам - 46% - 46 ученици<br>Се согласувам - 52% - 53 ученици<br>Не се согласувам - 2% - 2 ученици<br>Воопшто не се согласувам – 0%<br><br><br>Со учество на наставниците во различни обуки кои ја опфаќаат областа на настава со деца со попреченост и посебно надарени, нашите наставници имаат сензибилност при детектирање на ваквите ученици. |
| | 2.1.4 Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците<br>Родителите, од претходната година со воведување на единствена педагошка евиденција, е-дневник, постојано се во можност да се информираат за текот на наставата, редовноста и постигнувањето на своето дете.<br>Во текот на целата учебна година наставниците планираат и спроведуваат настава според Програмата за работа, тематски тестови, полугодишни и годишни тестови, контролни задачи, писмени работи, наставни листови и други средства за проверка на знаењата, а преку истите родителите се запознаваат со усвоеноста на наставните содржини од страна на своите деца по одделни наставни предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На крајот на секое тримесечие, полугодие и крај на година се организираат родителските средби на кои се истакнува напредокот и успехот на учениците на целата паралелка, а родителите преку евидентните листови кои ги подготвува одделенскиот раководител се запознаваат конкретно со успехот на своето дете. Имено, пред да се поделат свидетелствата се закажуваат и одржуваат родителски средби со цел родителите да се запознаат со успехот на своите деца на крајот од учебната годината и, доколку имаат забелешки по истиот можат да поднесат приговор.<br>Родителите имаат можност да се информираат од класниот раководител или предметниот наставник поконкретно со успехот, поведението и општо напредокот на своите деца на индивидуални средби во денови утврдени за секој наставник поединечно во Програмата за работа на училиштето ,но и по барање на родителите. Приемните денови за секој наставник се истакнуваат на видно место во училиштето од каде родителите можат да се информираат за средба со наставниците. На овие индивидуални средби исто така се разменуваат мислења од присуството или потреба од присуство на дополнителни или додатни часови кои секој наставник поединечно ги организира во утврдени термини во текот на целата учебна година.<br><br>Анкета за родители:<br><br>2.1 Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете,од анкетирани 101 родител одговориле:<br>Целосно се согласувам - 85% - 86 родители<br>Се согласувам - 15% - 16 родители<br>Не се согласувам - 0%<br>Воопшто не се согласувам – 0%<br>Не знам/немам информација – 0% |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>2.2 Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете,од анкетирани 101 родител одговориле:<br>Целосно се согласувам - 69% - 69 родители<br>Се согласувам - 31% - 32 родители<br>Не се согласувам -0%<br>Воопшто не се согласувам – 0%<br>Не знам/немам информација – 0%<br><br><br>2.3 Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете , од анкетирани 101 родител одговориле:<br>Целосно се согласувам - 81% - 81 родител<br>Се согласувам - 19% - 20 родители<br>Не се согласувам - 0%<br>Воопшто не се согласувам – 0%<br>Не знам/немам информација – 0% |




2.4 На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа,од анкетирани 101 родител одговориле:

Целосно се согласувам - 74% - 71 родители
Се согласувам - 25% - 26 родители
Не се согласувам - 1% - 1 родител
Воопшто не се согласувам – 0%
Не знам/немам информација – 0%




Анкета за ученици:

2.1 Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок во училиште , од анкетирани 101 ученик одговориле:

Целосно се согласувам - 73% - 74 ученици
Се согласувам - 27% - 27 ученици
Не се согласувам -0%
Воопшто не се согласувам – 0%




2.2 Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех ,од анкетирани 101 ученик одговориле:

Целосно се согласувам - 69% - 70 ученици
Се согласувам - 31% - 31 ученици
Не се согласувам -0%
Воопшто не се согласувам – 0%
Не знам/немам информација – 0%




2.3 Доколку не можам да го совладам матерјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава ,од анкетирани 101 ученик одговориле:

Целосно се согласувам - 50% - 50 ученици
Се согласувам - 48% - 49 ученици
Не се согласувам - 2%
Воопшто не се согласувам – 0%
Не знам/немам информација – 0%

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>2.4 Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини ,од анкетирани 101 ученик одговориле:<br>Целосно се согласувам - 72% - 73 ученика<br>Се согласувам - 28% - 28 ученика<br>Не се согласувам - 0%<br>Воопшто не се согласувам – 0%<br>Не знам/немам информација – 0%<br><br>Анкета за наставници<br><br>2.1 Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето, од анкетирани 34 наставници одговориле:<br>Целосно се согласувам - 85% - 29 наставници<br>Се согласувам - 15% - 5 наставници<br>Не се согласувам - 0%<br>Воопшто не се согласувам – 0% |

Не знам/немам информација – 0%




2.2 Успевам да ги идентификувам надарените ученици ,од анкетирани 34 наставници одговориле:

Целосно се согласувам - 73% - 25 наставници
Се согласувам - 27% - 9 наставници
Не се согласувам - 0%
Воопшто не се согласувам – 0%
Не знам/немам информација – 0%




2.3 Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети ,од анкетирани 34 наставници одговориле:

Целосно се согласувам - 53% - 18 наставници
Се согласувам - 47% - 16 наставници
Не се согласувам - 0%
Воопшто не се согласувам – 0%
Не знам/немам информација – 0%

<table>
<tr><td></td><td></td><td>

- Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето изработен со учество на претставници на сите засегнати страни и е усвоен низ транспарентна процедура со почитување на размислувањата на родителите и учениците со Статут и Правилници кои се изготвени согласно Законите.
- Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.
- Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа.

- Родителите имаат можност редовно да се информираат и да го следат напредокот и редовноста на учениците со добро организирани родителски средби кои резултираат со навремена информираност и добра соработка.
- Постои добра соработка со Советот на родители на училиштето, локалната средина, други училишта со кои се остварува промовирање на училиштето во локалната средина и пошироко преку заеднички активности.
- Училиштето обезбедува можност родителите да се вклучат во животот на училиштето преку најразновидни форми и активности.
- Анимирање на учениците за активности во и надвор од училиштето преку натпревари културни и спортски настани.
- Вклученост на ученичката заедница на ниво на училиште во одредени сегменти и аспекти од животот и работата на училиштето
- Учениците ги знаат, практикуваат и заштитуваат сопствените права и ги почитуваат правата на другите
- Наставниците активно работат на проекти и се мотивирани од постигањата на учениците со вклученост на учениците во ЕКО, МИО, НЕНАСИЛСТВО проекти во училиштето и пошироко.
- Училиштето постигнува значајни резултати на општинско,регионално и државно ниво, воннаставни активности и активности од секаков профил поврзани со знаењата и вештините на учениците
- Училиштето тековно следи промени во образованието, соработува со сите владини и невладини организации во кои активно се вклучени учениците според своите можности, потреби и интереси.

**Слаби страни**

- Училиштето има потреба од соработка со други училишта надвор од државата за реализација на интернационални проекти и за поголема афирмација на училиштето.
- Нашата соработка со родителите е на пониско ниво кај ученици со посебни образовни потреби. Родителите на овие ученици имаат отпор за состојбата во која се наоѓа нивното дете. Потребно е да се изведуваат обуки за подигнување на свеста кај родителите и отворена соработка за непречено одвивање на наставата на вопспитно образовниот процес со ученици со потешкотиии заедно со останатите ученици.

**Приоритети**

- Поголема соработка со други училишта во и надвор од државата.
- Вклучување на родителите во воспитно- наставниот процес.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишната политика |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Наум Охридски“** **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |

| | | |
|---|---|---|
| Закон за основно образование;<br>Статут на училиште;<br>Деловник за работа на Училишниот одбор ;<br>Годишна програма за работа на училиштето;<br>Годишна програма за работа на директорот и дневник за работа;<br>Годишна програма за работа на психолог и дневник за работа;<br>Одделенски дневник<br>Записници од одлуки и извештаи од работата на Наставничкиот совет и Училишниот одбор<br>Записници од стручни активи;<br>Записници од Одделенски совети;<br>Самоевалуација и План за развој на училиштето;<br>Записници од Совет на родители.<br>Кодекс на однесување;<br>Правилник за почитување на куќниот ред;<br>Правилник за изрекување на педагошки мерки; | Управување со училиштето | Структура на раководење на училиштето се состои од :<br>-Орган на управување<br>– Училишен одбор<br>(3 наставника, 3 родитела, 2 члена од локална самоуправа и 2 члена од ученичката заедница)<br>-Орган на раководење- менаџерски нивоа : директор, претседатели на стручни активи, одделенски/класни раководители<br>Директор на училиштето е Елизабета Андова.<br>Подрачното училиште во с. Црешево има поставено одговорен наставник –Билјана Белогаска.<br>Во училиштето работат стручни активи и секој актив има претседател. Застапени се следниве стручни активи : актив на одделенска настава, актив на општествено јазична група, природно – математичка група на предмети, актив за техника, спорт и уметност.<br>Надлежностите за управување и за административните задачи се дефинирани во Статутот на училиштето.<br>Воспитно образовната работа во училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.<br>Со Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа јасно се дефинирани надлежностите на раководење, управување и надлежностите на административното лице (благајник). Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето за размена на идеи поврзани со наставниот процес или разрешување на конкретни проблеми е отворена. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето. Раководниот тим соработува преку одржување состаноци, наставнички совети, консултации со раководители на подрачни училишта. Проблемите најчесто се решаваат на ниво на наставнички совет или со формирање на комисии кои одлучуваат.Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Во него членуваат 9 члена и тоа : тројца претставници од наставниците, стручните соработници од училиштето (Љупка Богдановска,Теодора |

| | | |
|---|---|---|
| Правилник за утврдување ученик на генерација.<br>Правилник за утврдување Ученик - првенец на генерацијата.<br>Програма за намалување на насилството во училиштето<br>Програма за меѓуетничка интеграција<br>Правилник за екскурзии<br>Правилник за советување родители на учениците во ООУ,,Наум Охридски,,<br>Правилник за распоред на работното време на наставниците, стручните соработници и вработени кои вршат администртативно-технички работи во училиштето<br><br>Проширена програма за прифаќање на учениците пред и по наставата<br>Правилник за прием и запишување на децата во прво одделение<br>Регистер за учество на учениците на натпревари;<br>Регистер на изречени педагошки мерки ; | | Димовска,Александра Величковска), тројца претставници од родителите на учениците (Сања Петрушевска, Ирена Ѓорѓиевска, Бобан Тодоровски), еден претставник од основачот (Мартин Трифуновски) и двајца претставници од ученичката заедница на училиштето ( Марија Илиевска VIII б одд., и Ана Марија Неделковска од VIII а одд.). Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловодникот за работа на Училишниот одбор и согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Пред секој состанок на УО секој член е уредно поканет со писмена покана и известен за дневниот ред на состанокот. За да го обезбеди и поттикне присуството на состаноците одговорен е претседателот на УО- Сања Петрушевска и директорот-Елизабета Андова. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето обезбедува обуки за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политика и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето,меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество. Вработените при ООУ ,,Наум Охридски" добиваат известување за одржување на состаноци преку јавно истакнување на поканата и дневниот ред на огласна табла. Со тоа секој вработен е информиран и може до претставниците од наставниците во Училишниот одбор да даде свој предлог или мислење во врска со дневниот ред. Одделните подрачни училишта се вклучени во раководната структура преку претставници. |

| | | |
|---|---|---|
| Извештаи од систематски прегледи<br>Годишни извештаи;<br>Записници од работата на Наставничкиот совет;<br>Стручни предавања и други материјали од обласa на здравственото воспитување<br>Годишната програма за работа на училиштето | | Анкета од родители<br><br><br>За годишното планирање на училиштето е одговорен директорот на училиштето. За разгледување и усвојување на Годишната програма на училиштето задолжен е Училишниот одбор. |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со училиштето | Раководен орган на училиштето е директорот кој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Директорот соработува, се консултира, одговара и заеднички ги решава проблемите кои произлегуваат од работата во училиштето. Мотивираноста на наставниците за воспитно-образовната работа ја постигнува со меѓусебно разбирање и почитување, со културен, толерантен и демократски однос и со барање одговорност. Инструменти за вреднување на воспитно-образовната работа на наставниците преку посета на часови, редовност, исполнителност, постигнувања резултати на училишни натпревари, ангажирања во стручни активи, мотивација. Раководниот орган ја промовира добрата практика што постои во училиштето има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работната способност да комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Раководниот орган има компентенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики , планирање и обезбедување квалитет.Тој е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество.Највисок стручен орган на училиштето е Наставничкиот совет каде членуваат сите вработени наставници и стручни соработници.<br><br>Програмски планирани состаноци на раководниот тим со наставниот кадар се одржуваат: Стручен актив еднаш месечно, а Одделенски и Наставнички најмалку 4 пати во годината и со нив раководи директорот на училиштето. На овие состаноци се разгледува Годишната програма, Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето, се утврдуваат задолженија на наставниците, се носи програма за организирање на ученички екскурзии, програма за стручно усовршување на наставниот кадар и други прашања поврзани со наставата. Годишната програма е разгледана и усвоена на Наставничкиот совет и Училишниот одбор. Консултациите со раководниот тим се одвиваат по пат на разговор, а информациите се добиваат на состаноци, усни известувања и известувања во писмена и електронска форма на огласната табла во училиштето. Работата и активностите на Советот на родители се евидентира во записничка книга.Раководниот орган гради политика |

| | | |
|---|---|---|
| | | на здрава училишна клима. Тоа го постигнува преку донесените прописи и правила на однесување на учениците. Раководниот орган има изготвени Кодекс на однесување (за наставници, ученици и родители) .<br><br>Во училиштето постојат и се применуваат правилници и програми. Во училиштето постојат и се применуваат и следните правилници и програми.Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат. Во училиштето раководниот орган формира училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивната политика и практика на ниво на цело училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план - ИОП. Училишниот инклузивен тим е составен од седум члена и тоа – педагог или психолог, односно социјален работник во училиштето , двајца наставници од редот на вработените на училиштето од предметна и одделенска настава, двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето.Наставниците и стручните соработници приправници под менторство работат првата година, а потоа полагаат стручен испит. За поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците се планираат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, воннаставни активности организирани работилници и се применуваат различни наставни стратегии за задоволување на различните потреби на децата. Преку Министерството за образование и наука воспитно- образовниот кадар уредно води електронски дневник.Наставата се изведува на македонски наставен јазик за сите ученици и тоа во две смени.<br><br>Одговорен за годишното планирање е директорот на училиштето. Во училиштето се формирани тимови кои изготвуваат План за развој на училиштето. Планот за развој ги одразува реалните потреби на училиштето, потребите од перманентно стручно усовршување на наставниот кадар, перманентна едукација на родителите, развивање и усовршување на системот за следење, објективно оценување на постигањата на учениците и истиот се заснова на постоечките ресурси |

| | | |
|---|---|---|
| | | и е поддржан од страна на вработените во училиштето.Континуирано се следат акциските планови за реализација на развојната програма. Училиштето се вклучува во проекти и семинари кои промовираат инклузивна настава со цел да се подобри учењето и наставата преку подобрување на професионалните компентенции, подобрување на квалитетот на тематските и дневните планирања на наставниците и подобрување на оценувањето во училиштето.<br>Анкета од наставници<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкета од ученици<br><br><br>Анкета од родители<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4.2 Информиран/а сум од страна на претпоставениот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнатво следниот период
0%
44%
56%
1
2
3
4<br>4.5 Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен
0%
30%
70%
1
2
3
4
5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Управување и раководење со ресурсите | Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети и изведување на наставата и воннаставните активности,со што ги задоволува потребите на учениците.Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Централното училиште располага со *библиотека-медијатека* која им стои на располагање на сите ученици и вработени. Вкупниот фонд на книги во училишната библиотека изнесува 12 987 примероци, од кои 10 800 примероци се лектирни изданија,а останатиот дел се примероци од друга литература. Библиотеката - медијатека располага со компјутер и пристап до Интернет. Работното време на библиотеката им овозможува на учениците да ја користат библиотеката во одредени периоди, поради ангажираност на библиотекарот и како наставник по македонски јазик.Се прават напори да се обезбеди што поголем избор на информативна и стручна литература во училишната библиотека, заради континуирано следење на промените во современата настава од страна на наставниците.<br>Анкета од ученици<br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Анкета од родители<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со кадарот | Училиштето има соодветен стручен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми како и стручни соработници.Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случај на краткорочно и долгорочно отсуство. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси.Бројот на учениците во паралелките е во согласност со нормативите и стандардите. Потребите за професионален развој на наставниот кадар се евидентни, а тоа го диктира и природата на професијата. Наставниците можат да го планираат и реализираат својот професионален развој во и надвор од училиштето. Во рамки на училиштето тоа се прави на отворените часови кои се организираат, на работилници и дисеминации кои ги реализираат колеги кои се стекнале со такви квалификации. Надвор од училиштето, наставниците имаат поддршка за посета на сите бесплатните семинари кои се организираат од страна на МОН и БРО или други институции во соработка со МОН и БРО ( Проект МИО, Проект за модернизација на образованието, еколошки проекти и сл.), но и на семинари кои се со самофинансирање или финансирање од страна на училиштето.<br>Сите наставници редовно ги следат промените во образовниот процес и активно работат на своето професионално усовршување. Целиот наставен кадар се стекна со сертификати согласно критериумите за спроведени активности во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Следејќи ги нормите пропишани со Законот за основно образование, на секој наставник-приправник училиштето му назначува ментор кој му помага преку поддршка со пишани материјали, взаемна посета на часови и анализа и дискусија околу истите, пренесување на лични искуства заради поефикасно спроведување на наставата, консултации околу подготовките за државен испит - изработка на семинарска работа и подготовка на даден час и сл. Исто така, на приправникот секогаш за консултација и совет му стојат на располагање психологот, директорот и останатите колеги со |

| | | |
|---|---|---|
| | | поголемо работно искуство.Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата.<br><br>Анкета од наставници<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Училиштето располага со наставниците по сите наставни предмети, кои се соодветни на работните места на кои се распоредени и голем број од нив (наставници во предметната настава) извршуваат работни задачи и во централното и во подрачните училишта. Распоредот на часови се прави така што ги задоволува можностите на наставникот да стигне во ист работен ден од едното во другото училиште и истовремено се внимава предметите да бидат рамномерно распоредени по денови така што учениците не би трпеле никакви последици. Целиот персонал ги извршува своите работни задачи според прописите и воглавно редовно. Сите отсуства кои се направени во оваа година се од оправдани причини - заради боледувања, посета на семинари, учества на натпревари, смотри и сл. Директорот е редовно информиран за секое отсуство на било кој член на персоналот и по потреба применува мерки предвидени со ЗРО. Оценувањето на работата на наставниците во училиштето се врши преку:<br>- посета на часови од страна на директорот или психологот;<br>- работа на стручни активи, при што се извршуваат меѓусебни консултации и договарања меѓу наставниците или наставниците и директорот и психологот, се одредуваат теми за работа и сл.;<br>- организирање на отворени часови на кои можат да присуствуваат директор, психолог, наставници од истото или гости од друго училиште, се води дискусија по одржувањето на часот и истиот се евидентира како таков;<br>- следење на успехот на учениците, детален и просечен;<br>- консултации со родители околу нивното задаоволство од постигањата на нивните деца во училиштето, односно континуирано следење на нивното мислење за квалитетот на наставата и работата на наставниот кадар. Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците ,во справување со проблемите и во давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е активно вклучена во следење на наставниот процес, следејќи посебни ученици кои имаат проблеми со развојот и напредувањето, |

| | | |
|---|---|---|
| | | превзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот.<br>Анкета од наставници<br><br> |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Кодекс на однесување на учениците<br>Кодекс на однесување на наставниците<br>Правилник за почитување на куќниот ред<br>Правилник за надомест на штета.<br>Правилник за пофалување, наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците<br>Регистер за учество на учениците на натпревари;<br>Регистер на изречени педагошки мерки<br>Годишни извештаи<br>Записници од работата на Наставничкиот совет | Процедури за креирање на училишната политика | Во креирање на Годишната програма за работа на училиштето учествуваат наставниците, стручната служба и директорот на училиштето. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето.<br><br>Училишната политика ја креираат директорот, Училишниот одбор, стручен и наставен кадар во согласност со Министерството за образование и Локалната самоуправа и Советот на родители. Училишната политика се креира преку долгорочно планирање од страна на раководната структура и субјектите во училиштето. Сите заинтересирани субјекти се информираат за таквата политика, наставниците преку наставнички совети, учениците преку ученичките заедници и ученички парламент, а родителите преку Советот на родители и родителски средби.<br><br>Училиштето гради политика на здрава училишна клима. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на родителите. Училиштето има изготвено и Кодекс на однесување на наставниците, каде јасно се дефинирани обврските на сите вработени во училиштето ,пред се наставниците.<br><br>Во училиштето постои Правилник за почитување на куќниот ред со чии одредби се утврдуваат правилата за однесувањето во училиштето и се регулира дневниот живот во училиштето. Куќниот ред во училиштето во најголем дел се почитува, а доколку се утврди прекршување на одредбите од правилникот, се изречуваат соодветни казнени мерки, постои и Правилник за надомест на штета.<br><br>Во училиштето постојат и се применуваат правилници со кои се уредува и креира училишната политика, во која се вклучени сите наставници, ученици и родители. Во училиштето се води евиденција за учество на учениците на натпревари и за изречени педагошки мерки. Со анализа на податоците од овие регистри се увидуваат и |

| | | |
|---|---|---|
| | | планираат понатамошните насоки за подобрување на работата, дисциплината и успехот на учениците.<br>Учениците кои постигнуваат особени резултати јавно се пофалуваат и наградуваат.<br>Врз основа на направениот увид од годишните извештаи се согледува целокупната активност на учениците и вработените во училиштето. За подобрување на истата се превземаат соодветни инструменти.<br>За поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците се планираат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, организирани работилници и се применуваат различни наставни стратегии за задоволување на различните потреби на децата.Училиштето има проширени процедури за донесување училишни политики.Тоа ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење на училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, намалување на сите видови насилства, антикорупциска едукација, недискреминација. Сите во училиштето активно земаат учество во креирање и подобрување на политиката како и за нивно остварување. За годишното планирање на училиштето е одговорен директорот, а му помага стручниот соработник. Со планот за развој дадена е проценка на потребите на училиштето и определени се приоритетните насоки за развој на училиштето, начини за нивно остварување и носителите на активностите. Планот за развој на училиштето ги содржи следните елементи: Мисија и визија на училиштето и чекори за остварување на развојниот план. |

<table>
<tr><td></td><td>Резултати од развојно планирање</td><td>Резултатите од развојното планирање се во согласност со државната и локалната образовна политика, реално се отсликани, јасни,прецизни и ги отсликуваат мисијата и визијата и вредностите на потребите на сите три училишта. При нивно дефинирање се земени предвид ставовите на директорот, наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има изготвено акциски планови за остварување на резултатите од поставените цели за следење, спроведување и успешност на реализација на активностите.<br>Анкета од наставници<br>
<br>Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Се става силен акцент на професионалниот развој според потребите на наставниците. Повратните информации од учењето и наставата даваат насоки за постојан професионален развој. Поддршката, исто така се усогласува според училишната визија и поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма,а планираните цели се реализираат доследно.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкета од наставници<br><br><br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства.Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. Планирањето на финансиските средства е опфатено со Финансовиот план на училиштето и Планот за јавни набавки. Во овие планирања рамноправно се земени во обзир и потребите на подрачните училишта.Постапката за спроведување на финансиското работење се одвива во три етапи:<br>I. Утврдување на потребите;<br>II. Обезбедување финансиски средства (МОН, општина, аплицирање со проекти);<br>III.Спроведување на планираното согласно законски и правни норми.<br>Платите на вработените се обезбедени од страна на Општината, како и материјалните средства за огрев и хигиена.<br>Финансиските средства за плаќање на комуналиите и набавка на потрошен канцелариски материјал, како и минимални финансиски средства за набавка на нагледни средства и материјали, исто така ги обезбедува Општината.Финансиските средства за надополнување на библиотечниот фонд се обезбедуваат, во мал дел, преку издавачките куќи кои го обезбедуваат детскиот печат за учениците и со пренамена на финансиски средства за други намени, кои не се искористени. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално-техничките средства на училиштето. Постои финансов план на училиштето според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Потребите за реализација на успешна настава се делумно задоволени во поглед на материјално-технички средства и нагледни средства. Во сите три училишта еднакво се обезбедуваат средства според потребите.Училиштето планира подобрување на инфраструктурата со Годишната програма.Директорот на училиштето вложува максимум во изнаоѓање на донатори, |

| | | |
|---|---|---|
| | | соработува со локалната самоуправа за обезбедување на средства.<br><br>Инфраструктурата на училиштето ги задоволува потребите, и континуирано се работи на обезбедување на средства за подобрување на истите.Се прават долгорочни планирања кои ќе се реализираат во одреден временски период .<br>Со финансиското работење на училиштето, односно училишниот буџет и трошоците, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето.<br><br>Анкета од родител<br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкета од наставници<br><br><br><br> |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Тимот која работеше на евалуација на подрачјето: Управување, раководење и креирање политика ја сочинуваат наставници од предметна настава и преставници од стручна служба:Златка Панчевска, Марија Сотировска, Сунчица Стојковска, Маја Крстеска, ,Александра Величковска, Мирјана Ивановска, Виолета Божиновска. Тимот настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и синтетизира податоците за да одговори на прашањата кои се однесуваат на организацијата, делегирањето на одговорностите и комуникацијата при донесувањето одлуки и нивно пренесување. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти и постоечката документација во училиштето .Органот на управување (Училишниот одбор) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, кој присуствува на сите седници на УО и со другите образовни структури. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган. Училиштето обезбеди обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка .Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето како и тимската работа. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган редовно ги следи промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварените цели. Целите се |

прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има подготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.Од извршената анализа на работењето на училиштето во изминатите две учебни години, може да се заклучи дека раководството се движи во вистинска насока при креирањето на училишната политика. Училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа,обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување и подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето. Просториите во голема мера го задоволуваат критериумот за соодветност со намената. Најголем проблем на подрачното училиште претставува недостатокот на фискултурна сала или соодветна просторија каде што би можела да се изведува наставата по физичко и здравствено образование, кога временските услови или целите на часот се несоодветни за спроведување настава на отворено. Библиотеката заедно со медијатеката има одлични услови за престој и користење од страна на учениците или наставниците, бидејќи нејзините просторни капацитети во потполност го овозможуваат тоа. Извршено е реновирање на просториите, опремување со значителен број енциклопедиски изданија, лектири и мал број примероци стручна литература. Потребен е само да профункционира истражувачкиот центар за учениците, кој би работел во склоп на библиотеката - медијатека и електронската библиотека. За таа цел потребно е да се обезбеди интернет конекција, кабелска телевизија и некои од десктоп - компјутерите со кои располага училиштето да се префрлат во медијатеката. Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите и во давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е активно вклучена во следење на наставниот процес, следејќи посебни ученици кои имаат проблеми со развојот и напредувањето, превзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот. Потребите за професионален развој на наставниот кадар се евидентни, а тоа го диктира и природата на професијата. Наставниците можат да го планираат и реализираат

| |
|---|
| својот професионален развој во и надвор од училиштето. Во рамки на училиштето тоа се прави на отворените часови кои се организираат, на работилници и дисеминации кои ги реализираат колеги кои се стекнале со такви квалификации. Надвор од училиштето, наставниците имаат поддршка за посета на сите бесплатните семинари кои се организираат од страна на МОН и БРО или други институции во соработка со МОН и БРО ( Проект МИО, Проект за модернизација на образованието, еколошки проекти и сл.), но и на семинари кои се со самофинансирање или финансирање од страна на училиштето. Сите наставници редовно ги следат промените во образовниот процес и активно работат на своето професионално усовршување. Целиот наставен кадар се стекна со сертификати согласно критериумите за спроведени активности во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Со финансиското работење на училиштето, односно училишниот буџет и трошоците, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето.Финансовиот план на училиштето го донесува Училишниот одбор, по предлог на директорот, а го одобрува Општината.Користењето на материјално-финансиските средства е транспарентно и законски поддржано, по потреби утврдени и поддржани од страна на сите субјекти во училиштето и со задолжително информирање на Училишниот одбор и советот на родители. |
| **Силни страни**<br>-Просторните услови на училишните згради целосно и добро се искористени;<br>-Училиштето е опремено со потребен мебел кој добро се одржува;<br>-Училиштето има добра раководна структура која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците;<br>-Тимската работа е на високо ниво;<br>-Има транспарентност во работата;<br>-Раководниот тим има јасна визија за управување со конструктивност, правичност при донесувањето одлуки;<br>-Постои добра опременост со нагледни средства;<br>-Изграден училишен имиџ;<br>-Библиотеката-медијатеката е сместена во многу добра просторија опремена со лектирни изданија каде уредно се води пишана и електронска евиденција;<br>-Училиштето организира интерни семинари и натпревари на ниво на училиште ;<br>- Голем број нагледни средства по сите предмети;<br>- Обезбедување на доволно потрошен материјал за наставниците и целиот персонал; |

| |
|---|
| - Посветување на посебно внимание и поддршка за стручно усовршување на наставниот кадар (преку семинари и обуки);<br><br>- Наставен кадар по сите предмети, соодветно стручен и способен за работа;<br><br>- Учество на наставниот кадар во сите проекти подржани од страна на МОН и БРО;<br><br>- Почитување на законската регулатива при финансиското работење на училиштето;<br><br>- Транспарентност во голема мера во планирањето и трошењето на училишниот буџет;<br><br>- Обезбеден лектирен фонд за сите ученици;<br><br>- Соодветно опремена библиотека (во однос на книжен фонд, просторно и технички);<br><br>- Училиштето е отворено за посета од страна на родителите и тие можат да имаат пристап до сите простории и информации, на нивно барање;<br><br>- Во училиштата во с.Булачани и Црешево има парно греење;<br><br>-Опременост со стручна литература и енциклопедиски изданија;<br><br>- Медијатеката има капацитет да се унапреди во погодно место за учење и истражување, во рамките на училиштето;<br><br>- Учениците имаат пристап до компјутер и интернет; |
| **Слаби страни**<br><br>-Нема фискултурна сала (простор за реализација на наставата по ФЗО) во ПОУ„Наум Охридски“с.Црешево; |
| **Приоритети**<br><br>-Редовно одржување и подобрување на инфраструктурата на училиштето;<br><br>- Континуирано професионално усовршувањето на наставниот кадар;<br><br>-Да се поведе постапка за изградба на фискултурна сала во подрачното училиште во с.Црешево;<br><br>-Изготвување стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност во обезбедување помош или поддршка на колегите;<br><br>-Изготвување на стратегија и план за финансиска поддршка на професионалниот развој на вработените;<br><br>-Обезбедување обуки на наставниот кадар согласно изразените потреби; |

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(Се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (процент на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

**Анкета за родители/старатели**

Обработка на резултати

**-РОДИТЕЛИ-**

Вкупно 101 родители

**Прво подрачје**

| | *(Ве молиме обележете со заокружување на бројката)* | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот | 77 – 76% | 24 – 24% | 0 | 0 | 0 |
| 1.2 | Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности | 82 – 81% | 19 – 19% | 0 | 0 | 0 |
| 1.3 | Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси | 67 – 66% | 34 – 34% | 0 | 0 | 0 |
| 1.4 | Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете | 68 – 67% | 33 – 33% | 0 | 0 | 0 |
| 1.5 | Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите | 74 – 73% | 27 – 27% | 0 | 0 | 0 |
| 1.6 | На моето дете повеќето часови му се интересни | 62 – 61% | 39 – 39% | 0 | 0 | 0 |
| 1.7 | Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со | 47 – 46% | 53 – 53% | 1 - 1 % | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ученици кои учат на различни јазици | | | | | |
| 1.8 | Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете | 78 – 77% | 23 – 23% | 0 | 0 | 0 |
| 1.9 | Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете | 83 – 82% | 18 – 18% | 0 | 0 | 0 |
| 1.10 | Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 65 – 64% | 35 – 35% | 1 – 1% | 0 | 0 |
| 1.11 | Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати | 86 – 85% | 15 – 15% | 0 | 0 | 0 |
| 1.12 | Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд | 73 – 72% | 28 – 28% | 0 | 0 | 0 |
| 1.13 | Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи | 72 – 71% | 29 – 29% | 0 | 0 | 0 |
| 1.14 | Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) | 88 - 87% | 13 – 13% | 0 | 0 | 0 |
| 1.15 | Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете | 77 – 76% | 24 – 24% | 0 | 0 | 0 |
| 1.16 | Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет | 62 – 61% | 39 – 39% | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.17 | Училиштето нуди избор на различни вonнаставни активности (клубови, проекти и сл.) | 50 – 49% | 50 – 50% | 1 – 1% | 0 | 0 |
| 1.18 | Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес | 62 – 61% | 38 – 38% | 1 – 1% | 0 | 0 |

Обработка на резултати

**-РОДИТЕЛИ-**

Вкупно 101 родители

**ВТОРО подрачје**

| | | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | 86 – 85% | 15 – 15% | 0 | 0 | 0 |
| 2.2 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете | 69 – 68% | 32 – 32% | 0 | 0 | 0 |
| 2.3 | Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете | 81 – 80% | 20 – 20% | 0 | 0 | 0 |
| 2.4 | На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа | 74 – 73% | 27 – 27% | 1 | 0 | 0 |

Обработка на резултати

**-РОДИТЕЛИ-**

Вкупно 101 родители

**ТРЕТО подрачје**

| | | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето | 73 – 72% | 28 – 28% | 0 | 0 | 0 |
| 3.2 | Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување | 57 – 56% | 44 – 44% | 1 | 0 | 0 |
| 3.3 | Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците | 83 – 82% | 18 – 18% | 0 | 0 | 0 |
| 3.4 | Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците | 71 – 70% | 30 – 30% | 0 | 0 | 0 |
| 3.5 | Моето дете сака да оди на училиште | 79 – 78% | 22 – 22% | 0 | 0 | 0 |
| 3.6 | Училиштето добро се справува со дисциплината | 60 – 59% | 41 – 41% | 0 | 0 | 0 |
| 3.7 | Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето | 48 – 47% | 52 – 52% | 1 – 1% | 0 | 0 |
| 3.8 | Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици | 75 – 74% | 26 – 26% | 0 | 0 | 0 |
| 3.9 | Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици | 76 – 75% | 25 – 25% | 0 | 0 | 0 |
| 3.10 | Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, | 79 – 78% | 22 – 22% | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | религиска припадност или друго. | | | | | |
| 3.11 | Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците | 72 – 71% | 29 – 29% | 0 | 0 | 0 |
| 3.12 | Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето | 55 – 54% | 56 – 56% | 0 | 0 | 0 |
| 3.13 | Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство | 57 – 56% | 44 – 44% | 0 | 0 | 0 |
| 3.14 | Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | 71 – 70% | 30 – 30% | 0 | 0 | 0 |
| 3.15 | Училиштето добро се справува при појава на насилство | 90 – 89% | 11 – 11% | 0 | 0 | 0 |
| 3.16 | Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога | 66 – 65% | 35 – 35% | 0 | 0 | 0 |
| 3.17 | Хигиената во училиштето е на високо ниво | 84 – 83% | 17 – 17% | 0 | 0 | 0 |
| 3.18 | Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете | 91 – 90% | 10 – 10% | 0 | 0 | 0 |
| 3.19 | Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете | 64 – 63% | 37 – 37% | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.20 | Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците | 68 – 67% | 33 – 33% | 0 | 0 | 0 |

Обработка на резултати

**-РОДИТЕЛИ-**

Вкупно 101 родители

**ЧЕТВРТО подрачје**

| | | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | 59 – 58% | 42 – 42% | 0 | 0 | 0 |
| 4.2 | Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | 57 – 56% | 44 – 44% | 0 | 0 | 0 |
| 4.3 | Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | 63 – 62% | 38 – 38% | 1 | 0 | 0 |
| 4.4 | Училишната библиотека е достапна за сите ученици | 80 – 79% | 21 – 21% | 0 | 0 | 0 |
| 4.5 | Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | 71 – 70% | 30 – 30% | 0 | 0 | 0 |
| 4.6 | Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 75 – 74% | 26 – 26% | 1 | 0 | 0 |

## Анкета за наставници

Прашалник за **НАСТАВНИЦИ**

Обработка на резултатите по подрачја

**Прво подрачје**

Обработени резултати од вкупно 34 наставник

| | | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. | 26 – 76% | 8 - 24% | | | |
| 1.2 | Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието. | 29 – 85% | 5 – 15% | | | |
| 1.3 | Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети | 24 – 70% | 10 – 30% | | | |
| 1.4 | Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието | 24 – 70% | 10 – 30% | | | |
| 1.5 | Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците | 23 – 67% | 11 – 33% | | | |
| 1.6 | Во наставата користам | 25 – 73% | 9 – 27% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | различни ресурси за учење и настава | | | | | |
| 1.7 | Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми | 26 – 76% | 8 – 24% | | | |
| 1.8 | Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе | 27 – 79% | 7 – 21% | | | |
| 1.9 | На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив | 28 – 82% | 6 – 18% | | | |
| 1.10 | Кон учениците се однесувам со почитување | 30 – 88% | 4 – 12% | | | |
| 1.11 | Ги разбирам проблемите и потребите на учениците | 29 – 85% | 5 – 15% | | | |
| 1.12 | Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/ активности или задачи/ активности по свој избор | 25 – 73% | 9 – 27% | | | |
| 1.13 | Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според | 26 – 76% | 8 – 24% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | претходно направен план | | | | | |
| 1.14 | Успешно соработувам со образовните асистенти | 21 – 61% | 13 – 39% | | | |
| 1.15 | Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати | 27 – 79% | 7 – 21% | | | |
| 1.16 | Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд | 29 – 85% | 5 – 15% | | | |
| 1.17 | На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања | 30 – 88% | 4 – 12% | | | |
| 1.18 | Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките | 25 – 73% | 9 – 27% | | | |
| 1.19 | На учениците им давам насоки како поуспешно да учат | 32 – 94% | 2 – 6% | | | |
| 1.20 | Применувам различни начини на оценување на учениците | 33 – 97% | 1 – 3% | | | |
| 1.21 | Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). | 28 – 82% | 6 – 18% | | | |
| 1.22 | Планот за воннаставни | 19 – 55% | 15 – 45% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците. | | | | | |

Обработка на резултатите по подрачја

**Второ подрачје**

Обработени резултати од вкупно 34 наставник

| | | ***Целосно се согласув ам*** | ***Се согласув ам*** | ***Не се согласув ам*** | ***Целосно не се согласув ам*** | ***Не знам/ Немам информац ија*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето | 29 – 85% | 5 – 15% | | | |
| 2.2 | Успевам да ги идентификувам надарените ученици | 25 – 73% | 9 – 27% | | | |
| 2.3 | Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети | 18 – 52% | 16 – 48% | | | |
| 2.4 | На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето | 19 – 55% | 15 – 45% | | | |

Обработка на резултатите по подрачја

**Трето подрачје**

Обработени резултати од вкупно 34 наставник

| | | ***Целосно се согласув ам*** | ***Се согласув ам*** | ***Не се согласув ам*** | ***Целосно не се согласув ам*** | ***Не знам/Нема м информац ија*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето | 23 – 67% | 11 – 33% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2. | Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување | 25 – 73% | 9 – 27% | | | |
| 3.3 | Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. | 27 – 79% | 7 – 21% | | | |
| 3.4 | За време на моите часови има добра работна атмосфера | 24 – 70% | 10 – 30% | | | |
| 3.5 | Добро соработувам со колегите во училиштето | 25 – 73% | 9 – 27% | | | |
| 3.6 | Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | 20 – 58% | 14 – 42% | | | |
| 3.7 | Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство | 21 – 61% | 13 – 39% | | | |
| 3.8 | Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес | 21 – 61% | 13 – 39% | | | |
| 3.9 | Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата | 18 – 52% | 16 – 48% | | | |
| 3.10 | На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето | 22 – 64% | 12 – 36% | | | |
| 3.11 | Соодветно реагирам на поплаките на | 25 – 73% | 9 – 27% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | учениците за нееднаков третман | | | | | |
| 3.12 | Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности | 22 – 64% | 12 – 36% | | | |
| 3.13 | Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето | 29 – 85% | 5 – 15% | | | |
| 3.14 | Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес | 19 – 55% | 15 – 45% | | | |
| 3.15 | Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата | 23 – 67% | 11 – 33% | | | |
| 3.16 | Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење,алкохол и дрога | 20 – 58% | 14 – 42% | | | |
| 3.17 | Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите | 21 – 61% | 13 – 39% | | | |

Обработка на резултатите по подрачја

**Четврто подрачје**

Обработени резултати од вкупно 34 наставник

| | | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Информиран/а сум за резултатите што треба да се | 22 – 64% | 12 – 36% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање | | | | | |
| 4.2 | Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки | 24 – 70% | 10 – 30% | | | |
| 4.3 | Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности | 24 – 70% | 10 – 30% | | | |
| 4.4 | Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | 26 – 76% | 8 – 24% | | | |
| 4.5 | Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие | 30 – 88% | 4 – 12% | | | |
| 4.6 | За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | 29 – 85% | 5 – 15% | | | |
| 4.7 | Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам | 30 – 88% | 4 – 12% | | | |
| 4.8 | Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците | 27 – 79% | 7 – 21% | | | |
| 4.9 | Запознаен/а сум како се троши | 26 – 76% | 8 – 24% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | буџетот на училиштето | | | | | |

## Анкета за ученици

**Обработка на резултати**

**-УЧЕНИЦИ-**

**Вкупно 101 ученик**

**ПРВО подрачје**

| | *(Обележи со заокружување на бројката)* | *Целосно се согласув ам* | *Се согласув ам* | *Не се согласув ам* | *Воопшт о не се согласув ам* | *Не знам/ Немам информац ија* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) | 78 – 77% | 22 – 21% | 1 – 2% | 0 | 0 |
| 1.2 | Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси. | 68 – 67% | 32 – 31% | 1 – 2% | 0 | 0 |
| 1.3 | На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 69 – 69% | 32 – 31% | 0 | 0 | 0 |
| 1.4 | Наставниците ја прават содржината од предметите интересна. | 88 – 87% | 13 – 13% | 0 | 0 | 0 |
| 1.5 | На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, | 60 – 59% | 41 – 41% | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | дискутираме, работиме во групи). | | | | | |
| 1.6 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари. | 50 – 49% | 51 – 51% | 0 | 0 | 0 |
| 1.7 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти | 55 – 54% | 46 – 46% | 0 | 0 | 0 |
| 1.8 | Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена. | 66 – 65% | 35 – 35% | 0 | 0 | 0 |
| 1.9 | Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена. | 98 – 97% | 3 – 3% | 0 | 0 | 0 |
| 1.10 | Оценувањето на сите ученици е праведно. | 60 – 59% | 40 – 40% | 1 – 1% | 0 | 0 |
| 1.11 | Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување. | 55 – 54% | 46 – 46% | 0 | 0 | 0 |
| 1.12 | Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). | 74 – 73% | 27 – 27% | 0 | 0 | 0 |
| 1.13 | Наставниците ме пофалуваат за мојот труд | 64 – 63% | 37 – 37% | 0 | 0 | 0 |
| 1.14 | Наставниците ме пофалуваат за моите резултати | 63 – 62% | 38 – 38% | 0 | 0 | 0 |
| 1.15 | Ако не знам нешто на часовите, можам | 75 – 74% | 26 – 26% | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | слободно да ги прашам наставниците | | | | | |
| 1.16 | На часовите можам слободно да кажам што мислам | 49 – 48% | 52 – 52% | 0 | 0 | 0 |
| 1.17 | Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) | 35 – 34% | 64 – 63% | 2 – 3% | 0 | 0 |
| 1.18 | Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор. | 63 – 62% | 37 – 37% | 1 – 1% | 0 | 0 |
| 1.19 | Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности. | 61 – 60% | 40 – 40% | 0 | 0 | 0 |
| 1.20 | Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) | 58 – 57% | 42 – 42% | 1 – 1% | 0 | 0 |

**Обработка на резултати**

**-УЧЕНИЦИ-**

**Вкупно 101 ученик**

**ВТОРО подрачје**

| | | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Воопшто не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. | 74 – 73% | 27 – 27% | 0 | 0 | 0 |
| 2.2 | Наставниците постојано ме поттикнуваат на | 70 – 69% | 31 – 31% | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | подобрување на мојот успех. | | | | | |
| 2.3 | Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава. | 50 – 49% | 49 – 49% | 2 – 2% | 0 | 0 |
| 2.4 | Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини. | 73 – 72% | 28 – 28% | 0 | 0 | 0 |
| 2.5 | Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. | 46 – 45% | 53 – 53% | 2 – 2% | 0 | 0 |

**Обработка на резултати**

**-УЧЕНИЦИ-**

**Вкупно 101 ученик**

**ТРЕТО подрачје**

| | | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Воопшто не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. | 65 – 64% | 36 – 36% | 0 | 0 | 0 |
| 3.2 | Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. | 73 – 72% | 28 – 28% | 0 | 0 | 0 |
| 3.3 | Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците. | 74 – 73% | 27 – 27% | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4 | Сакам да одам на училиште. | 63 – 62% | 38 – 38% | 0 | 0 | 0 |
| 3.5 | Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми. | 78 – 77% | 23 – 23% | 0 | 0 | 0 |
| 3.6 | Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме. | 64 – 63% | 37 – 37% | 0 | 0 | 0 |
| 3.7 | Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. | 78 – 77% | 23 – 23% | 0 | 0 | 0 |
| 3.8 | Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. | 79 – 78% | 22 – 22% | 0 | 0 | 0 |
| 3.9 | Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици . | 76 – 75% | 25 – 25% | 0 | 0 | 0 |
| 3.10 | Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици. | 68 – 67% | 33 – 33% | 2 | 0 | 0 |
| 3.11 | Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето. | 80 - 79% | 21 – 21% | 0 | 0 | 0 |
| 3.12 | Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права. | 72 – 71% | 29 – 29% | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.13 | Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник. | 88 – 87% | 13 – 13% | 0 | 0 | 0 |
| 3.14 | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето. | 87 – 86% | 14 – 14% | 0 | 0 | 0 |
| 3.15 | Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем. | 79 – 78% | 22 – 22% | 0 | 0 | 0 |
| 3.16 | Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето. | 82 – 81% | 19 – 19% | 0 | 0 | 0 |
| 3.17 | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство . | 83 – 82% | 18 – 18% | 0 | 0 | 0 |
| 3.18 | Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. | 77 – 76% | 24 – 24% | 0 | 0 | 0 |
| 3.19 | Училиштето е чисто и уредно. | 67 – 66% | 34 – 34% | 0 | 0 | 0 |

**Обработка на резултати**

**-УЧЕНИЦИ-**

**Вкупно 101 ученик**

**ЧЕТВРТО подрачје**

| | | *Целосно се согласув ам* | *Се согласув ам* | *Не се согласув ам* | *Воопшт о не се согласув ам* | *Не знам/ Немам информац ија* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. | 65 – 64% | 36 – 36% | 0 | 0 | 0 |
| 4.2 | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатек а во секое време. | 51 – 50% | 50 – 50% | 0 | 0 | 0 |
| 4.3 | Библиотеката/медијат еката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера. | 49 – 48% | 52 – 52% | 0 | 0 | 0 |

Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба

**Прашања за интервју со стручни соработници и директор**

Подрачје 1

1.1. Опишете како се одвива процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

А.Како училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата?

- **Училиштето обезбедува обуки од БРО, МОН, обуки од акредитирани здруженија и интерни обуки понудени од сите засегнати соодветно на своите барања и компетенции.**

Б. Дали има пракса да се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници и стручни соработници?

- **Наставниците и стручниот тим по завршување на обуката задолжително изведуваат дисеминација на посетената обука кај своите колеги во училиштето.**

1.2. Каков е процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците?
А.Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата? (индивидуално, стручни активи, регионални/меѓународни искуства)
- **Наставниците самостојно ги изведуваат своите индивидуални програми во одделенска настава и наставниците во предметна настава по својот предмет. На ниво на стручен актив заедно учествуваат во изготвување на програмата.**
Б.Кој ги следи планирањата? Колку често?
- **Планирањата активно ги следи директорот и стручната служба (педагог и психолог). Директорот и стручната служба планирањата ги следи четири пати во текот на годината.**
В.Како се дава поддршка за подобрување?
- **Стручниот тим редовно дава совети преку индивидуални разговори, обуки или посета на часови**.
Г.Според Вас, какви се ефектите од овој процес во наставата?
- **Ефектите тековно се согледуваат како ефективни, навремени и одлични.**
1.3. Како во училиштето се одвива наставата во случај на отсуство на наставник?
1.4. **Во случај на отсуство на наставник наставата ја организира директорот на училиштето, со тоа што стручната служба ги заменува отсутните наставници и за време на тие часови спроведува работилници. Понекогаш часовите ги заменуваат и наставници кои имаат слободни часови тој ден.**
1.5. Како се одвива процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети? Колку учениците имаат можност да посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес?
**-При крајот на секоја учебна година, училиштето, преку наставниците и стручните соработници спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/ темите од секоја категорија на слободните изборни предмети. Анкетата се спроведува во вид на прашалник кој се задава на сите ученици од двата образовни циклуси и се пополнува анонимно.**
**-Резултатите од спроведената анкета се објавуваат на веб страницата и на огласната табла на училиштето за да бидат видливи за учениците и за родителите/старателите. Врз основа на добиените резултати се формираат листите на слободни изборни предмети за двата образовни периоди.**
- **Листите се објавуваат на веб страницата на училиштето најдоцна до 15 април од претходната учебна година.**

- **Врз основа на формираните листи на слободни изборни предмети (за интересот изразен од учениците), по пројавен интерес од страна на наставниците и по предлог на стручните активи и директорот, Наставничкиот совет ги определува наставниците кои ќе бидат одговорни за нивна реализација.**
- **Во првата недела од септември, секој ученик (со поддршка на родителот/старателот), од листата на слободни изборни предмети објавена на веб страницата на училиштето, ги избира предметите што ќе ги изучува во тековната учебна година. Изборот го прави на тој начин што наведува два предмета од различни категории што му се прв избор и други два предмета од истите или други категории што му се втор избор.**
- **Учениците имаат можност да изберат и да посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот интерес.**

1.6. Како вообичаено се одвиваат наставните часови?

А.Согласно информациите кои ги имате од следење на часовите, колку сметате дека наставниците успеваат да ги приспособат задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби на учениците? На кој начин го прават тоа? Колку разлики има помеѓу наставниците?

- **Наставниците целосно успеваат да ги приспособат задачите и активностите според индивидуалните образовни потреби на учениците преку употреба на диференцирани цели, користење на дидактички материјали и индивидуален пристап. Секако постојат разлики меѓу наставниците, но разликите се однесуваат на методите и техниките кои се во согласност со предметот и содржините.**

Б.Какви ресурси вообичаено користат наставниците за реализирање на наставата?

- **Наставниците редовно користат разновидни методи, техники и ресурси од богатиот избор на материјали во ресурсен центар (проектор, смарт табла, материјали, хамери и други алатки соодветно на барањата од самиот час и содржината на часот).**

В.Колку често се користат современи приоди во наставата (на пр. искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.)? Колку од наставниците од вашето училиште избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување?

- **Наставниците многу често користат современи приоди во наставата кои се во согласност со наставните содржини.**

Г.Колку од наставниците од вашето училиште обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови? Какви методи и техники користат наставниците во работата со учениците со ПОП?

- **Наставниците овозможуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на часовите. Користат разни методи и техники,**

**имаат пристап кон учењето согласно препораките од МКФ, добиената програма и увидот од специјалниот едукатор и рехабилитатор**.

Д.Како е организирана дополнителната и додатната настава во училиштето?

- **Додатна и дополнителна настава се изведува редовно пред или по завршување на часовите во договор со учениците и наставниците.**

1.7. Како ја проценувате образовната инклузија во училиштето?

А.Дали имате формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици? Како функционираат? Со кои предизвици се соочуваат?

- **Во училиштето има формирано инклузивен тим на училиште и инклузивен тим на ученик. Редовно на секое тримесечие се разменуваат информации и искуства на состаноци на кои се дискутира како да се надминат пречките во адаптација и прилагодување на наставните содржини.**

Б.Како се одвива процесот на изготвување, примена и следење на индивидуалните образовни планови?

- **ПОП се изготвува преку тимска работа наставник-родител-стручна служба.**

В.Каква е соработката со надлежниот ресурсен центар? Со образовните асистенти?

- **Соработката со Ресурсниот центар е повремена согласно потребите, додека соработката со образовниот асистент е секојдневна, насочена и одлично организирана од страна на наставникот.**

1.8. Како ја проценувате меѓуетничката интеграција во училиштето?

А.Дали имате формиран Тим за училишна интеграција (ТУИ)? Како функционира? Со кои предизвици се соочува?

- **Да, училиштето има формирано Тим за училишна интеграција**, **тимот фукционира одлично преку редовни состаноци меѓу членовите и координаторот. Тимот изготвува програма со партнер училиштето со кое има одлична соработка и истата се спроведува во текот на учебната година.**

Б.Какви (наставни/воннаставни) активности за меѓуетничка интеграција се спроведени изминатите две години? Како ја проценувате нивната ефективност?

**Редовно ,според програмата на МИО изготвен од страна на Тимот за училишна интеграција од нашето училиште и на партнер училиштето. Двете училишта имаат одлична соработка и активностите успешно, тимски и организирано ги подготвуваат наставниците од двете училишта.**

**Ефективноста е на високо ниво со тоа што продолжува соработка со наставниот кадар од партнер училиштето, учениците во тек на активностите се прифаќаат меѓу себе со сите свои разлики, сите активности се организираат со заеднички договор меѓу двете училишта и постојат голем број продукти кои се плод на заедничката работа.**

В.Колку во спроведените активности соработувате со Комисијата за МИО при локалната самоуправа (доколку ваква комисија е формирана во општината)?

**Често соработуваме со Комисијата за МИО при локалната самоуправа.Училиштето учествува во обуки и работилници за МИО организирани од општина Гази Баба. Училиштето е учесник во проектот ,, Градиме Заедничка иднина,, во рамките на проектот за МИО на ниво на општина Гази Баба.**

**- Учениците со ПОП се вклучени во проектот ,, Спортот не познава граници"на ниво на општина Гази Баба.**

Г.Доколку наставата се спроведува на два или повеќе наставни јазици? Како ги спроведува?

**-Заедничките средби меѓу двете училишта се изведуваат со почит кон двата јазика и учениците се прилагодуваат на активностите и притоа се развива чувство на почит, па дури и желба за изучување на јазикот на туѓата нација**.

1.9. Како вообичаено оценуваат наставниците?

А.Какви критериуми за оценување користат? Како ги развиваат?

- **Критериумите се водат според наставниот план и програма , според поставените цели и содржини и според програмите доделени од Модифицирана или ПОП програма согласно насоките од МКФ.**

Б.Какви методи, форми и инструменти за оценување се користат? Како се развиваат и унапредуваат?

- **Усни одговори, писмени и контролни тестови, наставни листови, изработка на посебни проекти за стимулација, превртена училница....**

В.Колку од наставниците применуваат формативно оценување?

- **Сите наставници применуваат формативно оценување.**

Г.На кои начини родителите и учениците се запознаваат со критериумите за оценување?

- **Родителите и учениците се запознаваат со критериумите за оценување преку родителски средби, индивидуални средби, состаноците на ученичката заедница и одделенскиот час.**

Д.Како информациите од оценувањето се користат во наставата?

- **Се врши анализа на постигнувањата на учениците во која насока се движат подобрувања или ослабувања на усвоените цели и постигнување на изучениот материјал, за да се променат или останат исти или да се усовршуваат одредени техники, методи и да се дадат насоки од страна на стручниот тим за понатамошна подобра работа на наставниците**.

1.10. Какви воннаставни активности се спроведуваат во училиштето?

**Во училиштето се планираат и реализираат воннаставни и вонучилишни активности кои имаат мошне широка содржина, како и форми и начинот за вклучување на учениците. Личниот интерес, можностите и способностите имаат примарно значење во изборот на воннаставната активност во која ќе се вклучи ученикот. Во вонаставните и вонучилишните активности се вклучени ученици кои се од различен пол**

**и социјален статус, како и учениците со ПОП. Учениците се вклучуваат во вонннаставните и вонучилишните активности според сопствен избор и со свои предлози придонесуваат во подготвувањето на програмите за работа. Во програмите ги планираат содржините, времето на одржување и кои ученици ќе бидат опфатени согласно нивниот личен интерес, можностите и способностите кои ги покажуваат. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи резултати на натпревари од различни области и на тој начин да го афирмираат училиштето.**

А.Колку од учениците се вклучени во вонннаставните активности?

- **Поголем дел од учениците се вклучени во вонннаставните активности.**

Б.Колку учениците се вклучени во планирањето на ВНА?

- **Учениците се вклучени во планирањето на ВНА согласно потребите.**

1.11. Колку учениците од вашето училиште учествуваат во натпревари? Како вообичаено се определуваат учениците кои ќе учествуваат во натпревари?

- **Учениците од нашето училиште учествуваат на сите натпревари. Учениците кои се истакнуваат и имаат афинитет по одредени предмети се насочуваат кон натпревари. Најпрво преку училишните натпревари се избираат учениците кои ќе одат на општински натпревари, а потоа според покажаните резултати продолжуваат на регионални и државни натпревари.**

Подрачје 2

2.1 Дали училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди?

А.Што покажуваат податоците?

- **Училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди, а тие покажуваат среден успех на ниво на предмети и одделенија.**

Б.Како постапувате по наодите? Што се презема за подобрување на евентуалните недостатоци (на пр. ниски постигања по определни предмети)

- **Се даваат насоки за дополнителни часови во дополнителна настава.**

2.2. Доколку училиштето било вклучено во државно тестирање/меѓународни оценувања, колку сте задоволни од резултатите? (доколку постигањата на ниво на училиште се ниски), Што планирате да преземете?

- **Училиштето не било вклучено во државно тестирање/меѓународни оценувања.**

2.3. Кои се процедурите за идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост? Каква поддршка добиваат учениците за подобрување на постигањата?

- **Идентификувањето на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост го врши наставникот кој им предава на тие ученици, а потоа преку дополнителни тестирања од страна на наставникот и стручната служба на училиштето.Првично се поведува разговор со наставникот по негово барање, а потоа се изведува индивидуален состанок со ученикот. Понатаму се реализира состанок-разговор со родител и се даваат насоки за подобрување на одредени детектирани недостатоци, жалби или молби од самиот ученик. Наставникот во училиштето и родителот во семејството се најзначајните чинители за развојот и социјализацијата на овие деца. Нставникот, стручната служба и родителот се во постојана комуникација со што го следат развојот на овие деца.**

2.4. Колку сте задоволни од редовноста на учениците? Кои мерки се превземаат за учениците кои се нередовни?

- **Учениците се редовни, но малиот број на појавени ученици со нередовност подлежат на советување од стручната служба и тој дава насоки за подобрување на ученикот**.

2.5. Како се спроведуваат советувањата на родители и ученици? Како би ги процениле ефектите од советувањата врз подобрување на редовноста, успехот и однесувањето?

- **Советувањата се спроведуваат од страна на психологот со праќање на покана до родителите на која е запишан терминот со договорена средба и причина за советување. Со родителите и учениците се работи на решавање на проблемот. Ефектите досега биле задоволителни и биле изнајдени решенија за надминување на проблематичните ситуации**.

Подрачје 3

3.1. По што е препознатливо вашето училиште во локалната средина?

А.Како ги промовирате постигањата?

- **Постигањата се промовираат на веб страната и фејсбук страната на училиштата**.

Б.Со какви воннаставни активности се афирмирате?

- **Наставниците редовно, активно и неуморно изведуваат проекти на дневно ниво (одбележување државни, меѓународни и светски денови, натпревари, квизотеки и сл.) кои ги реализираат во други активности (дополнителен дел на престој на учениците).**

3.2. Кога и на кој начин е донесен Кодексот на однесување на училиштето?

А.Кој сè учествувал во процесот? Дали се практикува ажурирање на содржината на Кодексот?

- **Училиштето има Кодекс на однесување, изработен со учество на претставници на сите засегнати страни, со кој е запознаен НС, Советот на родители и усвоен од Училишниот одбор. Да, се практикува ажурирање на содржината на Кодексот.**

Б.Колку различните чинители се придржуваат на поставените правила и кои се последиците од непридржување?

- **Сите чинители се придржуваат на поставените правила, но доколку не се придржуваат се превземаат одредени мерки. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи со професионална соработка меѓу вработените, учениците и родителите.**

3.3. Како би ја опишале генералната клима во училиштето?

А.Како ја проценувата соработката помеѓу кадарот?

- **Кадарот покажува меѓусебно почитување на личноста и работата и споделување на знаења со помладите наставници.**

Б.Колку, според вас, во училиштето се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл.? Како се постапува по истите?

- **Воопшто не постои насилство, омраза и никаков тип на гнев во училиштето.**

В.Колку средината е поттикнувачка за учениците?

- **Наставниците со најразлични пристапи, методи и активности ги мотивираат и поттикнуваат учениците на активност и работа.**

Г.Каква е работната дисциплина за време и надвор од часовите?

- **Работната дисциплина е на високо ниво , што произлегува од добрата мотивираност.**

3.5. Како функционира Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител?

**Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител функционираат одлично. Редовно имаат состаноци. На состаноците на ученичкиот парламент сите членови даваат активно учество во давање предлози и идеи за реализација на некоја активност поврзана со подобрување на знаењата, вештините, здравјето и работната атмосфера во училиштето. Решаваат прашања, интереси и проблеми кои потекнуваат од учениците по паралелките.**

А.Какви активности спроведуваат?

**Ученичкиот парламент спроведуваат разни иницијативи кои потекнуваат од учениците, организираат разни хуманитарни акции и поднесуваат барања до директорот на училиштето за спроведување на активности кои се во интерес на учениците.**

Б.Колку ученичкиот парламент се поканува и присуствува на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители?

- **Редовно и на сите состаноци на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители присуствуваат двајца членови од Ученичкиот парламент.**

В.Колку учениците се обраќаат до Ученичкиот правобранител и за кои теми?

- **Учениците не многу често се обраќаат до Ученичкиот правобранител, но се обраќаат најчесто за теми поврзани со прекршување на правата на учениците, прибира поплаки од учениците ако се прекршени нивните права од наставниот и ненаставниот кадар.**

3.6. Како училиштето ја поттикнува соработката со родителите?

А. Наведете примери на активности и резултати од истите.

- **Совет на родители, родителски средби, индивидуални средби.**

Б. Примери на поддржани иницијативи на родителите.

- **Се организираат разни хуманитарни акции, Велигденски и Новогодишен базар, и во договор со родителите собраните средства се наменуваат за потребите на училиштето.**

3.7. Како училиштето соработува со заедницата?

А. Наведете примери на активности и резултати од истите.

- **Училиштето остварува континуирана и успешна соработка со локалната заедница. Соработката резултира со многу заеднички спроведени проекти , организирани активности во училиштето со активно учество на локалната заедница и учество на настани од интерес на заедницата, спортски активности, ликовни конкурси , натпревари, разни трибини, советувања , семинари и др. Посебно се истакнува успешната соработка со општина Гази Баба преку повеќе организрани настани : Денот на општината, Априлијадата организирана по повод денот на шегата , конкурс за најубаво уредено училиште, проектот за изработување и делење на мартинки со цел популаризација на традицијата на изработка на мартинки кај младата полулација и др. Успешната соработка со општината се остварува и преку активностите во рамките на програмата ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем'', Проектот Градиме заедничка иднина во рамките на МИО. Редовно изведува проекти за ненасилство, екстремизам и радикализација и останати понудени активности од двете страни.**

**-Соработката има голем придонес во промовирањето на постигањата на училиштето и во подобрувањето на квалитетот на наставата.**

**- Општината доделува стипендии за талентирани ученици во научните области и во спортот.**

3.8. Колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење,алкохол и дрога? Како ги проценувате ефектите?

- **Работилниците се најавени и чести и по истите се поведува разговор со учениците кој е конструктивен, аналитички и ефективен за подобрување на размислувањата и заштитата на учениците од овие пороци**.

3.9. Што презема училиштето за (1) запознавање и почитување на правата на децата? За (2) промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици? За (3) превенција и заштита од насилство?

1-**Учениците од најмала возраст се запознават со своите права и тековно низ низа работилници пролеани и низ часовите по сите предмети се оспособуваат за почитување на своите и туѓите права.**

**2- Наставниците редовно одржуваат предавања, работилници и решаваат можни несакани ситуации кои поминуваат советодавно со позитивен ефект кон подобрување на мислата и правец на почит кон детските права.**

**3- Учениците се свесни и со својата самосвест, совест и храброст поттикнати од добриот однос на наставниците редовно се поттикнуваат на слобода на изразување и отворено разговараат на тема насилство доколку сметаат дека им се нарушени правата. Притоа многу брзо со леснотија со разговор со наставниците и многу ретко со службата навремено се решаваат непријатните ситуации.**

А. Како ги проценувате ефектите од ваквите активности (на пр. намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на насилство)

- **Наставничкиот кадар постојано е во тек со профилот на секое дете-ученик и навремено решава можна несакана ситуација која лесно ја надминува. Учениците се почитуваат и по пол, нација, раса и тоа се согледува од секојдневното дружење и ненасилство во нашето училиште. Дискриминација и стереотипизирање не постои во нашето училиште.**

3.10. Што презема училиштето за да им помогне на учениците од социјално-загрозени семејства?

**- Училиштето редовно организира хуманитарни акции.**

3.11. Како училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава?

- **Ваков случај се уште немало во нашето училиште, но доколку се појави секако училиштето ќе излезе во пресрет за доделување наставник тутор на ученикот и организирање на наставниот план и програма за реализација на истите во корист на ученикот.**

3.12. Колку учениците се обраќаат до стручната служба во ситуации кога се соочуваат со проблем, се чувствуваат загрижени, тажни, лути и сл.? Дали училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење? Дајте пример.

**- Учениците слободно се обраќаат во стручната служба доколку сметаат дека имаат проблем, иако тоа е ретко. Најчесто лутината, тагата и загриженоста ја детектираат наставниците и со посебно барање ги препраќаат учениците на разговор со психолог, за навремено решавање на проблемот. Стручната служба спроведува работилници за социо-емоционално учење.**

3.13. Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието?

- **Стручната служба на учениците од 8 и 9 одделение им задава тестови за професионална ориентација – тест за професионални интереси , тест за професионална способност, Тифин тест за IQ и сл.Се вршат разговори со учениците за полесно полагање во периодот кој е пред нив, како и на областите кои им лежат и за кои имаат афинитети**.

Подрачје 4

4.1. Каква е соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор?

**- Соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор е одлична и соработката се темели на честото присуство на седниците на УО.Училишниот одбор целокупната своја работа ја обавува во согласност со Деловникот за работа на Училишен одбор како и добрата соработка и навремeното донесување на одлуките што се согледува од записниците на УО и лично согледување од работата на УО. Сите членови се трудат максимално да придонесат за функционирање и развој на училиштето. Извршена е обука на сите членови на УО.**

4.2. Како се одвива процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето?

**Просторните капацитети во училиштето се одлични со исклучок на наставата по физичко образование бидејќи немаме фискултурна сала, изградбата е во тек ,но сепак наставата се одвива според условите со кои располагаме, комплетно реновирани објеки во сите три училишни згради . Проценката се темели врз основа на фактичката состојба. Простоириите во училиштето се максимално искористени и нудат оптимални услови за работа на учениците и за учење.Сите простории се комплетно и современо опремени.**

А.Кој учествува при развојното планирање? (наставници, родители, ученици, локалназаедница)

- **При развојното планирање на училиштето сите активно учествуваат - наставници, родители, ученици, локална заедница.**

Б.Каква е соработката помеѓу различните чинители?

- **Соработката е одлична, со размена и почитување на сечиј предлог, мислење и насоки за подобрување на воспитно-образовниот процес**.

4.3. Колку ефективно, според Вас, се користат ресурсите во училиштето (просторните капацитети, материјалите за работа)? Со какви предизвици се справувате и како ги надминувате?

- **Ресурсите во училиштето (просторните капацитети, материјалите за работа) ефективно и максимално се користат. Просториите во училиштето се максимално искористени и нудат оптимални услови за работа на учениците и за учење. Сите простории се комплетно и современо опремени. Има доволно нагледни средства по сите наставни предмети. Доколку има потреба по барање на стручните активи во училиштето, директорот секоја година набавува нагледни средства и материјали за работа.**

4.4. Како се одвива процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности (на пр. колку родителите се ангажирани за обезбедување, колку училиштето)? Кои се предизвиците и како се надминуваат?

**Процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности училиштето го планира и обезбедува се што е потребно за непречено реализирање на наставата и воннаставните активности училиштето.**

**- Финансиите за овие елементи се планираат според Законските регулативи**.

4.5. Со какви предизвици се справувате за обезбедување соодветен наставен кадар и стручни соработници?

**- Наставниот кадар и стручните соработници се вработени во нашето училиште по пат на јавен оглас со почитување на законските регулативи.**

4.6. Како е организиран процесот на професионален развој на кадарот? Како се спроведува кариерното напредување?

- **Планот за професионален развој на наставниците има јасни цели и приоритети така што на наставниците им е овозможено постојано професионално усовршување преку учество на семинари, обуки и дисеминации, што внесува ефективни иновации во работата.**

4.7. Дали училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците? Ако да, кои се механизмите?

Да, училиштето има изработено Правилник за доделување признанија на вработените во училиштето и се постапува согласно Правилникот. Наставниците се наградуваат со благодарница, пофалница, слободен ден и парични средства доколку училиштето има финансиски средства.

4.8. Како се одвива процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата?

А. Кој следи?

**- Директорот и стручната служба.**

Б. Честота на следење.

- **Четири пати во текот на годината.**

В. Процес на давање повратна информација.

- **Секој наставник се вика на разговор и му се даваат одредени препораки доколку има потреба.**

Г. Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки.

- **Доколку има потреба се даваат препораки за Усогласување на планирањето во наставата**.

4.9. На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за:

А.Резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма

**Информациите се споделуваат преку Наставничките совети, Советот на родители, Училишниот одбор, веб страната на училиштето и страната на општината**.

Б.Користењето на буџетот на училиштето

**Информациите за користење на буџетот се споделуваат преку Наставничките совети, Советот на родители, Училишниот одбор, веб страната на училиштето.**

Резиме (главни наоди) од фокус групи

/

**Наоди од набљудување часови**

Констатации во однос на посетените часови:

- текот на часовите се одвиваше според дневните планирања, при што наставниците ги користеа претходните знаења на учениците и ги запознаваа со очекуваните резултати кои треба да се постигнат на крајот од часот;
- училниците се опремени со наставни средства и со изработки од учениците каде наставата се следи со физичко присуство;
- наставниците ги користеа планираните форми, методи , техники и наставни средства;
- односот на наставниците создава пријатна атмосфера во која доминира взаемно почитување меѓу наставникот и учениците;
- како постапки за оценување ( формативно) најчесто се даваа усни повратни информации , се применуваше самооценување од страна на учениците, а како најчесто користени инструменти за проверка на постигнатоста на целите се користеа чек листи со индикатори;
- наставниците согласно нивните планирања задаваа домашна задача на учениците со упатство и насоки за нејзино изработување;

| |
|---|
| - планираните активности на наставникот и учениците кај сите наставници беа во функција на постигнување на целите на часовите. |
| Наоди од други видови набљудувања<br><br>Со чек листа од страна на стручните соработници се врши опсервација-набљудување на ученик/ците се со цел структурирано следење и бележење на однесувањето на ученикот/ците за време на работата на часовите,за време на одморот,слободните активности или во играта.Целта е подобро да се запознае ученикот,неговите потенцијали,способности ,ограничувања со цел да ја приспособиме наставата и да му дадеме индивидуална поддршка.<br><br>Во текот на изготвувањето на самоевалуацијата се направи увид и на други видови извори на податоци (програми за работа, правилници, акти, деловници за работа, записници и сл.). |